Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Сто и четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јуни 2019 година

Скопје, јуни 2019 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто и четириесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јуни 2019 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Асим Муса, заменик на министерот за здравство, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа и Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и м-р Максим Ацевски, помошник на главниот државен ревизор - Државен завод за ревизија.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и членовите на Владата на Република Северна Македонија Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Асаф Адеми, министер за култура и Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- ✓ **Усвојување на Записникот од 138-та седница на Владата, одржана на 3.6.2019 година**

А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

**а) гости**

1. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија

2. Информација за потребата од изработка на Геодетски елаборат за нумерички податоци со изводок од јавната книга за запишување на правата на недвижностите за последната состојба на запишаните права на градбата (имотен лист), заради утврдување на правниот однос во врска со градбата меѓу инвеститорот и сопственикот на земјиштето за Магистрален гасовод Делница 1 Клечовце-Неготино (Кавадарци) со ГМРС Штип и ГМРС Неготино, согласно Проектот на изведена состојба од страна на Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија

3. Информација за потребата од донесување на Одлука за предавање на недвижност-градежно земјиште во владение на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси - Скопје, во државна сопственост, со Предлог-одлука

4. Информација за парнично побарување од C.I.O.S d.o.o (Ц.И.О.С ДОО) Загреб кон Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД - Скопје, со дополнувања

5. Информација со Предлог-одлуки за давање на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Агенцијата за катастар на недвижности, со дополнување и Предлог-одлука

6. Информација за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги Балканлар пластик производство ДОО увоз-извоз Скопје, со Предлог-одлука и текст на Договор

7. Информација за годишни извештаи за ревизорска активност и годишни ревизорски мислења за 2018 година согласно ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош

8. Информација во врска со потребата од пренесување право на сопственост на недвижна ствар во државна сопственост за која во катастарот на недвижности не е запишано право на користење на државни органи или правни лица основани од државата, без надоместок на Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

9. Барање за потребата од финансиски средства за новото општинско основно училиште во населба Капиштец (за опрема на училници, кабинети и други простории) поднесено од Општина Центар

10. Предлог-одлука за продажба на движна ствар сопственост на Управниот суд

11. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Основен суд Неготино

12. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основен кривичен суд Скопје

13. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основен суд Скопје II - Скопје

14. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Управен суд

15. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

**б) економски систем и тековна економска политика**

16. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

17. Информација во врска со обезбедување запишување на недвижности во сопственост на Република Северна Македонија на брана Петрешевац, со Предлог-одлука

18. Предлог-одлука за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро“ и Предлог-одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“

19. Информација за добивање согласност на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договори за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор, со предлог-одлуки и текстови на договори

20. Предлог-одлука за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување, КО Сопиште - вонградежен, Општина Сопиште

21. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со класа на намена А4-времено сместување КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

22. Информација за предлог за консолидација на земјоделско земјиште со распределба без промена на граници во Катастарска општина Конче Општина Конче со Предлог-одлука за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба без промена на граници во Катастарска општина Конче, Општина Конче

23. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Иван-Хрис - Ацо Христов с. Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука

24. Информација во врска со поднесено Барање за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект - Парк на ветерни електрани Еуроинг, со Предлог-одлуки

25. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Ледер - Кочани, со Предлог-решение

26. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Централ-Струмица, со Предлог-решение

27. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Грин центар гили, со Предлог-решение

28. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел-ресторан Бунар - Гостивар, со Предлог-решение

29. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Квин ројал - Гостивар, со Предлог-решение

30. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Олд Алиса - Скопје, со Предлог-решение

31. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Елита - Гостивар, со Предлог-решение

32. Информација за Деветтото годишно собрание на акционери на Европа реосигурување, што ќе се одржи на 24 јуни 2019 година во Цирих, Швајцарија

33. Информација во врска со Договор за соработка во врска со реализација на проектот ХЕЦ Чебрен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Меѓународната финансиска корпорација, со текст на Договор

34. Информација со Предлог-решение за формирање на комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - Платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем на Република Македонија (HEMS) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (SAR)

**в) политички систем**

35. Информација за Извештајот на ГРЕКО за евалуација на Република Северна Македонија - петти круг, на тема „Спречување на корупција и промовирање на интегритет кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот“

36. Информација за одржливост на проектот финансиран во рамките на ИПА Компонента I - Набавка на хардвер, софтвер и друга опрема / предмети за веб-базиран систем на Министерството за правда (ТАИБ 2011)

37. Информација за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Стојановски и др. против Република Северна Македонија, од 7 февруари 2019 (А.бр.14174/09), со Предлог-одлука

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

38. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на правата на пациентите

39. Предлог-програма за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2019 година

40. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2019 година

41. Предлог-програма за престанување на важењето на Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2019 година

42. Информација за давање одобрение на Министерството за здравство за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема дигитални РТГ апарати за потребите на ЈЗУ во Република Северна Македонија

43. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема дигитални РТГ апарати за потребите на ЈЗУ во Република Северна Македонија

44. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема, за потребите на ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина - Скопје

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) економски систем и тековна економска политика

45. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2019 година

46. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за ослободување од обврска за користење на интегриран автоматски систем за управување на вршителите на авто-такси превоз на патници

47. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас $CO_2$ на локалитетот „Богарец", во близина на с.Радобор, Општина Могила

### б) политички систем

48. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/467 на Советот од 21 март 2019 година за изменување на Одлуката 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Босна и Херцеговина

49. Барање на Сергеј Кручинин за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

50. Барање на Муса Сулејмани и др. за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

51. Барање на Тахири Абдулакадар за прием во државјанство на Република Северна Македонија по член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

52. Барање на Аљија Ќуфта и други за прием во државјанство на Република Северна Македонија по член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

### в) човечки ресурси и одржлив развој

53. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје" - Скопје

54. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ" - Скопје

55. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот ученички дом „Крсте П. Мисирков" - Кавадарци

56. Предлог-одлука за доделување на средства на Јавна установа - Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово

57. Предлог-одлука за доделување на средства на Општински ученички дом „Лазар Лазаревски“ - Велес

58. Предлог-одлука за доделување на средства на Општински ученички дом „Боро Менков“ - Крива Паланка

59. Предлог-одлука за доделување на средства на Ученички дом „Браќа Миладиновци“ - Струга
60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Фондот за иновации и технолошки развој

**г) предлози по кои Владата дава мислење:**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

61. Статут на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

62. Годишен извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2018 година, Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи на Комисијата за 2018 година и Финансиски план на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за деловната 2019 година

63. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2018 година, со ревидирани финансиски извештаи за 2018 година

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

64. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.77/2019, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 19 ставови 6 и 7 од Законот за судската служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015 и 6/2016), поднесена од Јованка Стојановска од Тетово

65. Статут на Европски универзитет

66. Статут на Универзитет „Американ колеџ“ Скопје

67. Статут на Интернационален универзитет „Еурека“ Скопје (стар назив: ЕФТА - Скопје)

68. Статут на Приватна високообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро колеџ“ - Куманово

69. Извештај за следењето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2017 година

70. Понуда од нотар Анита Адамческа од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5028 за КО Илинден вон градежен на КП бр.189 викано место Карагач, Имотен лист бр.5029 за КО Илинден вон градежен на КП бр.1352 викано место Крувче, Имотен лист бр.5013 за КО Илинден вон градежен на КП бр.171 викано место Птицовидна станица, Имотен лист бр.10355 за КО Илинден вон градежен на КП бр.189 викано место Карагач и Имотен лист бр.10356 за КО Илинден вон градежен на КП бр.1352 викано место Крувче

71. Понуда од нотар Весна Дончева од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.66227 за КО Маџари на КП бр.197 викано место/улица Утрина

72. Понуда од нотар Насер Зибери од Скопје за продажба на имот со Имотен лист бр.42940 и Имотен лист бр.42942 за КО Кисела Вода 2 на КП бр.4463 место викано Ѓ.Андреевиќ

73. Понуда од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.76602 и Имотен лист бр.17245 за КО Куманово на КП бр.20294 и КП бр.26222 место викано/Улица Моша Пијаде 8777

**д) други предлози**

74. Кадровски прашања

75. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

76. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година во Агенцијата за катастар на недвижности

77. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и Ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавна здравствена установа „Градска општа болница 8-ми Септември“- Скопје, Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531) и Сметка за средства од фондот (737)

78. Конечни извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Министерството за одбрана, Сметка на основен буџет (637), Сметка на основен буџет (631), Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787-20) и Сметка на буџет од донации (785)

79. Конечните извештаи за извршната ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија, Сметка за средства од Фондот (737), Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531) и Сметка за средства од донации (485)

80. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар - Скопје, Сметка за редовно работење

81. Информација за прогресот на постапката во врска со предметот кој се однесува на рибникот ПЕКОМ (од Пехчево), со дополнување

82. Информација во однос на измени на трасата на Магистрален гасовод Делница 5 Скопје-Тетово-Гостивар

83. Годишен извештај за работата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2018 година

84. Акциски план за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година

85. Извештај на независниот ревизор за извршена ревизија на работењето на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и финансиски извештаи за периодот од 1 јануари до 31 декември 2018 година

86. Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2018 година

87. Информација за склучување на Меморандум за соработка меѓу Секретаријатот за европски прашања и Универзитетот на Југоисточна Европа, со текст на Меморандум

88. Информација за текот и прогресот на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за оформување на хибридна мултифункционална операциона сала со изведување на потребните градежни работи и набавка на потребната медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија, Скопје

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

89. Предлог-закон за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста

90. Предлог-закон за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, по скратена постапка

91. Информација за потребата од потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за финансии на Република Северна Македонија, Државниот секретаријат за економски прашања на Швајцарија (SECO) и Меѓународната финансиска корпорација (IFC), со текст на Меморандум

92. Предлог-програма за дополнување на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година

93. Предлог-одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2019 година

94. Предлог-одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на директорите и давателите на услуги во јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Северна Македонија за 2019 година

95. Информација за потребата од потпишување на „Изјава од краен корисник (End User Statement - Annex A Statement to SVN)“ со која се обврзува персоналот од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија (во натамошниот текст - МО на РСМ) за заштита на доверливи информации содржани во доверлив документ на НАТО (JTAC Memorandum of Agreement)

96. Информација за назначување на членови во Меѓународната група на експерти согласно член 1 став 3 (ж) од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани со резолуциите 817 (1993) и 845 (1995) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните од 17 јуни 2018 година, со Предлог-решение

97. Предлог-одлука за доделување на средства на Општински ученички дом „Бранко Станоевиќ“ - Гостивар

98. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Доне Божинов“ - Пробиштип

99. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност во сопственост на Република Северна Македонија

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 138-та седница на Владата, одржана на 3 јуни 2019 година

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изработка на Геодетски елаборат за нумерички податоци со извадок од јавната книга за запишување на правата на недвижностите за последната состојба на запишаните права на градбата (имотен лист), заради утврдување на правниот однос во врска со градбата меѓу инвеститорот и сопственикот на земјиштето за Магистрален гасовод Делница 1 Клечовце-Неготино (Кавадарци) со ГМРС Штип и ГМРС Неготино, согласно Проектот на изведена состојба од страна на Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да поднесе барање до Агенцијата за катастар на недвижности за спојување на катастарските парцели каде што е тоа можно, во рамките на иста Општина.

2. Се задолжува Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси - Скопје, во државна сопственост да пристапи кон впишување на тие катастарски парцели.

**<u>Точка 3</u>**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на новиот текст на Информацијата за потребата од донесување на Одлука за предавање на недвижност-градежно земјиште во

владение на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост, со Предлог-одлука, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по материјалот.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за парнично побарување од C.I.O.S d.o.o (Ц.И.О.С ДОО) Загреб кон Железници на Република Северна Македонија - Транспорт АД - Скопје, со дополнувањата кон неа и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија да ги преземе сите правно - процесни дејствија во случај на заведување на судски парничен предмет по тужба од C.I.O.S d.o.o Загреб против Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, како Акционерско друштво во целосна сопственост на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје, како Акционерско друштво во целосна сопственост на Република Северна Македонија да го предаде на Државното правобранителство на Република Северна Македонија евентуалниот судски парничен предмет по тужба од C.I.O.S d.o.o (Ц.И.О.С ДОО) Загреб, и да биде дел од процесната заедница на тужените, заедно со Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**Точка 5**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на новиот текст на Информацијата со Предлог-одлуки за давање на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Агенцијата за катастар на недвижности, со дополнување и Предлог-одлука поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по материјалот.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог-договор за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги Балканлар пластик производство ДОО увоз-извоз Скопје, со Предлог-одлука и текст на Договор, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на државна помош на Друштво за производство, трговија и услуги Балканлар пластик производство ДОО увоз-извоз Скопје-корисник на Технолошка индустриска развојна зона Скопје 1, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за годишните извештаи за ревизорската активност и годишните ревизорски мислења за 2018 година согласно ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги разгледа годишните извештаи и мислења за 2018 година за ИПА II на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и ги задолжи соодветните институции кои се дел од ИПА структурата да преземат мерки и активности за надминување на слабостите и постапување по дадените препораки во извештаите.

2. Се задолжува националниот ИПА координатор (НИПАК), Министерството за финансии, односно националниот координатор за авторизација (НАО), Секторот за управување со средства од ИПА и Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД), Телото за управување со ИПАРД и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој да преземат мерки и активности за обезбедување на соодветен квалификуван кадар за имплементација на претпристапната помош на Европската Унија во Република Северна Македонија (ИПА).

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за финансии, да достават на усвојување до Владата решение (политика) за задржување и мотивирање на кадарот во ИПА структурата и истата да се имплементира во најкраток можен рок.

4. Се задолжува Министерството за финансии (ЦФЦД) и Оперативната структура одговорна за ИПА II во Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и Јавното претпријатие за државни патишта за навремено објавување на тендери и поефикасна имплементација на ИПА II со цел зголемување на апсорпцијата, како и за преземање на мерки за обезбедување на свесност кај крајните корисници за одржливост на проектите.

5. Се задолжува Оперативната структура одговорна за секторите Владеење на правото и фундаменталните права, Животна средина и климатски акции и Транспорт (Министерство за правда, Министерство за внатрешни работи, Министерство за животна средина и просторно планирање и Министерство за транспорт и врски) да обезбедат соодветни капацитети за редовно спроведување на внатрешна ревизија за ИПА II.

6. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и националниот ИПА координатор (НИПАК), во најкраток рок, да ги забрзаат активностите за одобрување и усвојување на поднесените измени и дополнувања за хармонизација на

постојната верзија на Законот за основување на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој со ИПА II регулативата и ИПАРД II Програмата.

7. Се задолжува Агенцијата за финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој да достави информација до Владата за преземени мерки и активности за навремена обработка на доставени Барања за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 по распишаните Јавни повици со цел поефикасна имплементација на ИПАРД II и зголемување на апсорпцијата.

8. Се задолжуваат Министерството за економија и Секретаријатот за европски прашања да доставаат информација до Владата за преземени мерки и активности за навремено доставување на бараните податоци согласно пропишаните рокови во склучените договори за соработка со Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој со цел навремена обработка на доставените Барања за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 г. по распишани јавни повици, поефикасна имплементација на ИПАРД II и зголемување на апсорпцијата на финансиски средства.

## Точка 8

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со потребата од пренесување право на сопственост на недвижна ствар во државна сопственост за која во катастарот на недвижности не е запишано право на користење на државни органи или правни лица основани од државата, без надоместок на Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, го усвои и го донесе најновиот текст на Одлуката за пренесување во сопственост недвижни ствари на Општина Кавадарци, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата го одложи разгледувањето на Барањето за потребата од финансиски средства за новото општинско основно училиште во населба Капиштец (за опрема на училници, кабинети и други простории) поднесено од Општина Центар, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнително усогласување на Министерството за образование и наука, Министерството за финансии и Општина Центар.

## Точка 10

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движна ствар сопственост на Управниот суд, со заклучок текстот на Одлуката претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 11**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Основен суд Неготино, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основен кривичен суд - Скопје и ја донесе Одлуката со заклучок Судскиот совет на Република Северна Македонија да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основен суд Скопје II - Скопје и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основен суд Скопје II - Скопје, со заклучок Судскиот совет на Република Северна Македонија да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Управен суд и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да изврши усогласување на текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад и ја донесе Одлуката со заклучок Судскиот совет на Република Северна Македонија да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 16**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој, во предложениот текст.

## Точка 17

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со обезбедување запишување на недвижности во сопственост на Република Северна Македонија на брана Петрешевац, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата Агенцијата за катастар на недвижности да достави мислење по материјалот, како и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство предметниот материјал да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 18

Владата на предлог на предлагачот ги одложи од разгледување Предлог-одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро“ и Предлог-одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“ за наредната седница на Владата.

## Точка 19

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договори за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор, со предлог-одлуки и текстови на договори, ја усвои Информацијата и ги донесе најновите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (со понудувачот Друштво за производство, трговија и услуги Агронимекс ДООЕЛ увоз-извоз Скопје), во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (со понудувачот Друштво за производство и трговија Баџо П-Т ДОО Богданци), во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (со понудувачот Друштво за земјоделие, трговија и услуги Канет агро ДООЕЛ увоз-извоз Скопје), во предложениот текст.

4. Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во

функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (со понудувачот Друштво за производство, трговија и услуги Дим-комерц ДООЕЛ Валандово), во предложениот текст.

5. Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (со понудувачот Друштво за производство, трговија и услуги Градинар АД увоз-извоз Свети Николе), во предложениот текст.

6. Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (со понудувачот Друштво за производство, трговија и услуги Зелена куќа ДОО с.Горни Подлог, Кочани), во предложениот текст.

7. Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (со понудувачот Друштво за земјоделство, производство, трговија и услуги Еко оранжерии Анска Река ДОО увоз-извоз Валандово), во предложениот текст и

8. Одлуката за давање согласност за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост врз кое има изградено оранжерија и помошни објекти во функција на оранжеријата, односно објекти во стопанскиот двор (со понудувачот Друштво за услуги, угостителство и трговија Оаза минерали ДООЕЛ Штип), во предложениот текст.

## Точка 20

Владата ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување, КО Сопиште - вонградежен, Општина Сопиште, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со класа на намена А4-времено сместување КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со класа на намена А4-времено сместување КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Известувањето од АД МЕПСО во државна сопственост, бр.10-1873/3 од 10 јуни 2019 година да се вгради во Договорот кој треба да биде потпишан.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за предлог за консолидација на земјоделско земјиште со распределба без промена на граници во Катастарска општина Конче Општина Конче со Предлог-одлука за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба без промена на граници во Катастарска општина Конче, Општина Конче, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба без промена на граници во Катастарска општина Конче, Општина Конче, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ Иван-Хрис - Ацо Христов с. Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесено Барање за издавање на овластување за изградба на нов енергетски објект - Парк на ветерни електрани Еуроинг, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за одбивање на Барањето за овластување за изградба на енергетски објект на Друштвото за производство на електрична енергија „Парк на ветерни електрани Еуроинг" ДОО - Гевгелија и

2. Најновиот текст на Одлуката за определување на надоместок за извршена работа на членовите на Комисијата за спроведување на постапка за доделување на овластување за изградба на нови или проширување на постојни објекти за производство на електрична енергија или комбинирано производство на електрична и топлинска енергија, во предложените текстови.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Ледер - Кочани, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект

{хотел Ледер - Кочани, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, со седиште на ул. Браќа Ставреви бр. 19 Кочани}, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Централ-Струмица, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект {хотел Централ - Струмица со седиште на ул. Маршал Тито бр.2 Струмица, хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди}, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Грин центар гили, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект {хотел Грин центар гили со седиште на ул. Гоце Делчев бр.14 - Гостивар, хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди}, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел-ресторан Бунар - Гостивар, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект {хотел-ресторан Бунар - Гостивар, со седиште на ул. Илинденска бр.165 - Гостивар, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди супериор}, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Квин ројал - Гостивар, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект {хотел Квин Ројал со седиште на ул. Тоде Богданоски бр.53 - Гостивар, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди}, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од хотел Олд Алиса - Скопје, со Предлог-решение за

утврдување на категорија на угостителскиот објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект {хотел Олд Алиса - Скопје, со седиште на ул. Битпазарска бр.76 - Скопје, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди}, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Елита - Гостивар, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект {хотел Елита, со седиште на ул. Младен Груески бр.14 - Гостивар, хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди}, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за Деветтото годишно собрание на акционери на Европа реосигурување, што ќе се одржи на 24 јуни 2019 година во Цирих, Швајцарија и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информација за Деветтото годишно собрание на акционери на Европа реосигурување, што ќе се одржи на 24 јуни 2019 година во Цирих, Швајцарија.

2. Се овластува Кенан Рамадани, амбасадор на Република Северна Македонија во Швајцарската конфедерација во Берн, да ја претставува Владата на Република Северна Македонија на Годишното собрание на акционери на Европа ре, што ќе се одржи на 24 јуни 2019 година, да одлучува и да гласа во нејзино име на следниот начин:

1) По точката 1: Презентација и одобрување на финансиските извештаи на Европа ре за 2018 година - ЗА,
2) По точката 2: Одобрување на Годишниот финансиски резултат за 2018 година - ЗА,
3) По точката 3: Одобрување на актите на членовите на Одборот на директори и менаџментот - ЗА,
4) По точката 4: Избор на Одборот на директори - ЗА и
5) По точката 5: Избор на ревизорска фирма - ЗА.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договор за соработка во врска со реализација на проектот ХЕЦ Чебрен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Меѓународната финансиска корпорација, со Договор за соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Меѓународната финансиска корпорација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Договорот за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Меѓународната финансиска корпорација.

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, да го потпише Договорот за соработка во име на Владата на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува АД Електрани на Северна Македонија, во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да подготви и до Владата да достави информација со која ќе се образложи стопирањето на активностите предвидени за изработка на Физибилити студија во врска со проектот ХЕЦ Чебрен и за истото да ја известат Европската комисија и Европската банка за обнова и развој, преку Секретаријатот за европски прашања.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-решение за формирање на комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - Платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем на Република Македонија (HEMS) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (SAR) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Северна Македонија (HEMS) и хеликоптерските услуги за пребарување и спасување (SAR), во предложениот текст.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, веднаш до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да достави номинација за свои претставници (член и заменик - член) во Комисијата.

3. Се задолжува Комисијата да го достави Јавниот повик и Тендерската документација во рок од 30 дена до Владата на Република Северна Македонија на усвојување.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за Извештајот на ГРЕКО за евалуација на Република Северна Македонија - петти круг, на тема „Спречување на корупција и промовирање на интегритет кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот“ и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за Извештајот на ГРЕКО за евалуација на Република Северна Македонија - петти круг, на тема „Спречување на корупција и промовирање на интегритет кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот“.

2. Даде согласност за објавување на Извештајот на ГРЕКО за евалуација на Република Северна Македонија - Петти круг.

3. Се задолжува Министерството за правда да го информира ГРЕКО за согласноста на Владата на Република Северна Македонија за објавување на Извештајот на ГРЕКО за евалуација на Република Северна Македонија - петти круг и да го објави истиот на својата веб-страница во превод на македонски јазик, во рок од седум дена од усвојувањето на оваа информација.

4. Владата, во рок од еден месец, да назначи советник за интегритет кој ќе има обврска да врши упатување и советување на членовите на Владата и лицата именувани од Владата во врска со прашања од интегритет, судир на интереси, примање подароци и сл., со цел за реализација на препораките број III(ii) и VII.

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата да:

5.1. Изработи нов Етички кодекс за членовите на Владата и лицата именувани од страна на Владата во кој ќе се предвидат правила за интегритет и судир на интереси на сите видови советници на носителите на извршни функции и истиот да го достави до Владата за усвојување, до септември 2019 година, со цел за реализација на препораката број I(i).

5.2. Во новиот Етички кодекс за членовите на Владата и лицата именувани од страна на Владата да предвиди владино тело кое ќе спроведува постапки заради прекршување на одредбите од Кодексот и ќе има можност да изрекува санкции утврдени со Кодексот, со цел за реализација на препораката број III(i).

5.3. Подготви изменување на Одлуката за формирање на Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, со кои ќе се определат критериумите за договорно ангажирање на советниците на претседателот на Владата, со цел за реализација на препораката број I(i).

5.4. Почнувајќи од седницата на која се усвојува оваа информација, да врши континуирано објавување на имињата на сите присутни на владините седници, поткомитети и работни групи и да подготви измени на Деловникот за работа на Владата, со кои ќе утврди обврска имињата и функциите на сите поканети и присутни на владините седници, поткомитети и работни групи да бидат јавно достапни на интернет, со цел за реализација на препораката IV.

5.5. Предложи дополнување на Уредбата за критериумите, начинот на давање и примање на дарови, пријавување на даровите, начинот на процена на даровите, начинот на доплата за личен

дар, како и користењето, чувањето и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар („Службен весник на Република Македонија“ бр.180/2015) со Образец за пријавување на дар, со цел за реализација на препораката број VII.

6. Се препорачува Државната комисија за спречување на корупцијата да:

6.1Спроведе систематска проценка на ризик на интегритетот кај централната власт што ќе ги опфаќа сите функционери и лични советници и надворешни соработници, како што е соодветно, со цел за реализација на препораката број II(i).

6.2 Врши редовна евалуација на влијанието и ефектите од мерките за интегритет во централната власт (на пример, изјави за интереси и имот) и да ги објавува резултатите од спроведените евалуации, со цел за реализација на препораката број II(iii).

6.3 Спроведе обуки на лицата кои вршат највисоки извршни функции со цел за систематско подигање на свеста во однос на Етичкиот кодекс за членовите на Владата и лицата именувани од страна на Владата, со цел за реализација на препораката број III(ii).

6.4 Изготви и усвои документ - Практично упатство за правилата за ад хок откривање и управување со случаи на судир на интереси и да спроведе соодветни обуки, советувања и други активности насочени кон подигнување на јавната свест за ад хок откривањето и управувањето со судир на интереси за лицата кои вршат највисоки извршни функции, со цел за реализација на препораката VI.

6.5 Редовно да го ажурира Каталогот на подароци утврден во член 17 точка 22 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, со цел за реализација на препораката број VII.

6.6 Ги објавува резултатите од истрагите за верификација на изјавите за имот и интереси и да воспостави тесна соработка со сите јавни органи кои можат да и пружат стручна помош за ефикасно спроведување на истрагите кои таа ги води, со цел за реализација на препораките број VIII(ii) и VIII(iii).

6.7 Спроведе соодветна анализа на практичната примена на системот на санкции во однос на прекршување на правилата/легислативата за конфликт на интереси, интегритет и антикорупција , (евиденција за сите преземени постапки од нејзина страна, како и за соодветниот одговор од страна на повиканите институции, евиденција за изречените санкции од нејзина страна, како и од страна на другите надлежни органи -јавно обвинителство, суд, Влада, Собрание и др.-, да прави редовна анализа на овие статистички податоци и да ги внесе во Годишниот извештај кој го поднесува до Собранието на Република Северна Македонија со конкретни наоѓања, заклучоци и препораки за подобрување на состојбите), со цел за реализација на препораката број IX.

7. Се задолжува Министерството за правда да изготви соодветни измени на Законот за лобирање во насока на воведување на правила за регулирање на интеракциите на лицата што вршат највисоки извршни функции со лобисти и трети страни кои сакаат да влијаат врз процесот на донесување на одлуки и да воведе обврска на институциите/лобираните страни да вршат редовно објавување на таквите контакти, средби, состаноци и др., вклучувајќи го и предметот на дискусија и идентитетот на лицата кои учествуваат и/или биле присутни на таквите состаноци, со цел за реализација на препораката број V(i) и V(ii).

8. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди средства за зајакнување на Државната комисија за спречување на корупција со соодветни човечки и финансиски ресурси со цел за правилно и ефикасно извршување на нејзините должности во однос на надзорот над изјавите за интереси и имот на лицата кои вршат највисоки извршни функции, со цел за реализација на препораката број VIII(i).

9. Се задолжуваат сите министри во Владата на Република Северна Македонија да ги објават на своите веб-страници имињата, платите и надоместоците, како и краток опис на работните обврски на сите посебни советници во рок од 10 дена од усвојувањето на оваа информација и да продолжат со континуирана реализација на оваа активност, со цел за реализација на препораката број I(ii).

10.Се задолжуваат органите на централната власт и се препорачува на сите органи на државната управа да назначат одговорни лица за советување во областа интегритет, судир на интереси, примање подароци и сл. со цел за реализација на препораката број II(ii).

11. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да:

11.1 Обезбеди доволна оперативна независност на полицијата во однос на Министерството за внатрешни работи и истата да се осигури во пракса, со цел за реализација на препораката X(i).

11.2 Преземе релевантни мерки со цел да обезбеди индивидуалните должности на полицајците да бидат соодветни со постоечките правила за интегритет и непристрасност со цел да ги извршуваат своите функции на политички неутрален начин во пракса (на пример активности за подигнување на свесност, обука, санкции итн.), со цел за реализација на препораката X(ii).

11.3 Ја зголеми транспарентноста на полицијата преку подобрување на пристапот до информации, меѓу другото, преку објавување (на веб-страницата на Министерството за внатрешни работи) на извештаи за резултатите од нејзините активности и донесување одлуки, полициски буџет, административни постапки, вклучувајќи извештаи за јавни набавки, статистика, правилници и слични информации, по можност онлајн, со цел за реализација на препораката број XI.

11.4 Усвои фокусирани, ориентирани кон резултати и консолидирани политики за спречување на корупцијата и интегритет за полицијата, целосно интегрирани во националниот антикорупциски процес на планирање, засновани на систематски и сеопфатен преглед на областите склони кон ризици од корупција, придружени со целни мерки за ублажување и контрола кои се предмет на редовна евалуација и проценка на влијанието (да пристапи кон донесување на единствен документ заснован врз целосна и темелна анализа на ризиците од корупција во полицијата - во него да утврди цели кои треба да се постигнат и мерки за нивна реализација кои редовно ќе се евалуираат), со цел за реализација на препораката број XII.

11.5 Воспостави релевантен механизам за управување со ризици од корупција во рамките на полицијата (да предвиди организациона единица или овластено лице чија примарна должност би била управување со ризици од корупција во полицијата), со цел за реализација на препораката XIII.

11.6 Изврши ревидирање на Кодексот на полициска етика во консултација со широк круг на засегнати страни, вклучувајќи полициски персонал на сите нивоа и граѓанското општество, со цел да се консолидираат постојните одредби и да понудат сеопфатни практични насоки за етичките прашања, меѓу другото за интегритет, конфликт на интереси, подароци и спречување на корупција, со цел за реализација на препораката XIV (i); (Со оглед на постоечката регулатива, се препорачува Министерството за внатрешни работи да усвои нов Кодекс на полициска етика во чија изработка ќе земат учество сите засегнати страни - полициски претставници и невладини организации).

11.7 Обезбеди систематско подигнување на свеста на полицијата во однос на стандардите содржани во ревидираниот/новиот кодекс, преку обука, посветено упатство и советување, вклучувајќи и доверливо советување, (за таа цел, потребно е во Министерството за внатрешни работи: - да назначи лице во својство на советник за доверливост кое ќе им помага на полициските службеници со давање совети за евентуалниот конфликт на интереси, можностите и забраните за примање подароци, односот со граѓани и зачувување и градење на интегритет; да обезбеди спроведување на редовни и континуирани обуки во оваа област на полициските службеници кои би можеле да ги спроведуваат Државната комисија за спречување на корупција, како и други стручни, научни институции или домашни и меѓународни организации), со цел за реализација на препораката XIV (ii).

11.8 Преземе соодветни активности со цел да обезбеди регрутирањето (вработувањето) во полицијата, вклучувајќи и директно регрутирање и трансфер од други институции, биде компетитивно и базирано на објективни и транспарентни критериуми и постапки (за оваа цел, потребно е менување на законската регулатива при што ќе се оневозможи вработување во Министерството за внатрешни работи без јавен оглас или преземање на вработени од други државни органи без претходно утврдени критериуми и постапка и без таквите позиции да бидат утврдени во актот за систематизација на работни места). со цел за реализација на препораката XV(i).

11.9 Воведе тест за интегритет за секое идно вработување во полицијата и да врши редовна проверка на интегритетот на постојните вработени, со цел за реализација на препораката XV(ii).

11.10 Воспостави објективни и професионални критериуми за назначување на директор на Бирото за јавна безбедност кои одговараат на потребите на таквата позиција, преку менување на законската регулатива со која се утврдуваат критериуми за избор на директор на Бирото за јавна безбедност, со цел за реализација на препораката XVI.

11.11 Воведе објективни и транспарентни критериуми и процедури за периодични проверки на интегритетот на полицискиот персонал и резултатите од таквите проверки да ги користи во постапките за унапредување, со цел за реализација на препораката XVII(i) и препораката XVII(ii).

11.12 Спроведе студија за практиките на активностите на полициските службеници после завршување на нивното вработување (истражување во колкава мера полициските службеници по завршувањето на нивниот работен однос продолжуваат да работат во институции и субјекти во кои би можел да се појави или веќе постои конфликт на интереси со работата и информациите што ги вршеле додека работеле во Министерството за внатрешни работи) и во зависност од резултатите, да се донесе регулаторна рамка со цел да се ограничат ризиците од конфликт на интереси, ако е потребно, со цел за реализација на препораката број XVIII.

11.13 Ја анализира потребата од воведување на обврска за пријавување на имот/интереси од стана на највисокото раководство и/или одредени позиции во полицијата, со цел да се воведат такви правила (при подготовката на измените на законската регулатива од областа на внатрешните работи и полицијата да се предвидат одредби со кои повисоките ешалони во полицијата, како и во Министерството за внатрешни работи ќе бидат задолжени да поднесуваат изјави за имотна состојба и интереси во рамките на посебна организациона единица во Министерството за внатрешни работи, бидејќи новиот Закон за спречување корупција и судир на интереси ваква обврска не предвидува за нив), со цел за реализација на препораката број XIX.

11.14 Обезбеди автономија и независност од несоодветно влијание на механизмот за внатрешна контрола на полицијата и соодветен мандат, ресурси и експертиза на истиот, (пропишување на потполно нови правила за водење на дисциплински постапки за полициските службеници со што на организационата единица за внатрешна контрола ќе и се обезбеди независност во работата како од самата полиција врз која се врши контролата, така и од политички именуваните лица во Министерството за внатрешни работи), со цел за реализација на препораката XX.

11.15 Значително ги зајакне мерките за практична имплементација на Законот за заштита на укажувачи во рамките на полицијата и соодветни информации да ги направи достапни за јавноста, со цел за реализација на препораката XXII.

11.16 Овозможи жалбите против полицискиот персонал да бидат одразени во сеопфатни статистики, кои ќе ги опфаќаат дисциплинските и кривичните постапки против полицискиот персонал и истите да ги направи јавно достапни, со цел за реализација на препораката XXIII.

12. Се препорачува на Собранието на Република Северна Македонија, Народниот правобранител на Република Северна Македонија и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во својство на механизми за надворешен надзор на полицијата, да обезбедат соодветно ниво на транспарентност во однос на случаите што се обработуваат и да објавуваат соодветни статистички податоци на нивните веб- страници во редовни интервали, со цел за реализација на препораката XXI.

13. Се задолжуваат сите институции споменати во претходните заклучоци на оваа информација да ги реализираат обврските, најдоцна до декември 2019 година, освен доколку во заклучоците не е предвиден друг рок.

**<u>Точка 36</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одржливост на проектот финансиран во рамките на ИПА Компонента I - Набавка на хардвер, софтвер и друга опрема / предмети за веб-базиран систем на Министерството за правда (ТАИБ 2011) и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите министерства да ги внесат сите нивни консолидирани текстови на закони во апликацијата ЛДБИС, во рок од шест месеци.

2. Се задолжуваат сите министерства да достават информации за контакт лица кои ќе бидат номинирани за внесување на консолидирани текстови на закони до Министерството за правда, во рок од две недели.

3. Се задолжува Министерството за правда да спроведе обуки и да изработи упатства за вметнување на консолидирани текстови на закони и за користење на ЛДБИС базата во рок од два месеци.

4. Се задолжуваат сите министерства да вршат континуирано внесување на консолидирани текстови на закони во ЛДБИС база на закони, подзаконски акти и други прописи, а Министерството за правда редовно да го координира и следи овој процес.

5. Се задолжува Министерството за правда писмено да ги информира националниот координатор за авторизација во Министерството за финансии и Владата за реализираните активности, во рок од шест месеци.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Стојановски и др. против Република Северна Македонија, од 7 февруари 2019 (А.бр.14174/09), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на правата на пациентите, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја донесе Програмата за престанување на важењето на Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2019 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема дигитални РТГ апарати за потребите на ЈЗУ во Република Северна Македонија и го усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020 и 2021

години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема дигитални РТГ апарати за потребите на ЈЗУ во Република Северна Македонија, во вкупна вредност од 52.500.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 10.000.000,00 денари во 2019 година
- 25.500.000, 00 денари во 2020 година и
- 17.000.000,00 денари во 2021 година

2. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои шест месеци, се до конечна реализација на набавката.

## Точка 43

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема дигитални РТГ апарати за потребите на ЈЗУ во Република Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Владата даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2020 и 2021 година на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема дигитални РТГ апарати за потребите на ЈЗУ во Република Северна Македонија, во вкупна вредност од 52.500.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:
- 10.000.000,00 денари во 2019 година
- 25.500.000,00 денари во 2020 година и
- 17.000.000,00 денари во 2021 година

2. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои шест месеци, се до конечна реализација на набавката.

## Точка 44

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема, за потребите на ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина - Скопје и го усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредната 2020 година на Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ

Институт за трансфузиона медицина - Скопје во вкупна вредност од 11.000.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 3.000.000,00 денари во 2019 година и
- 8.000.000,00 денари во 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои шест месеци, се до конечна реализација на набавката.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за ослободување од обврска за користење на интегриран автоматски систем за управување на вршителите на авто-такси превоз на патници и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да изврши усогласување на текстот на истата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 47**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - минерална вода и гас $CO_2$ на локалитетот „Богарец", во близина на с.Радобор, Општина Могила, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/467 на Советот од 21 март 2019 година за изменување на Одлуката 2011/173/ЗНБП за рестриктивни мерки со оглед на состојбата во Босна и Херцеговина, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата го разгледа Барањето на Сергеј Кручинин за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи ги предвид мислењата на Министерството за економија и Министерството за финансии.

**Точка 50**

Владата го разгледа Барањето на Муса Сулејмани и др. за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 51**

Владата го разгледа Барањето на Тахири Абдулакадар за прием во државјанство на Република Северна Македонија по член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 52**

Владата го разгледа Барањето на Аљија Ќуфта и други за прием во државјанство на Република Северна Македонија по член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Скопје“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Томе Стефановски - Сениќ“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го донесе новиот текст Одлуката за доделување на средства на Државниот ученички дом „Крсте П. Мисирков“ - Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го донесе новиот текст Одлуката за доделување на средства на Јавна установа - Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“ Куманово, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Општински ученички дом „Лазар Лазаревски“ - Велес, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Општински ученички дом „Боро Менков“ - Крива Паланка, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Ученички дом „Браќа Миладиновци“ - Струга, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Фондот за иновации и технолошки развој, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го разгледа Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и со оглед дека во текстот на Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр.02-636/38 од 6 јуни 2019 година, вградени се сите забелешки од Владата на Република Северна Македонија, дава позитивно мислење по Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Точка 62**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2018 година, Извештајот на независниот ревизор за финансиските извештаи на Комисијата за 2018 година и Финансиски план на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за деловната 2019 година и притоа го утврди следново мислење:

Извештајот за работата, финансиските извештаи и Финансискиот план на Комисијата за хартии од вредност се подготвени согласно член 230 став 1 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018), според кој Комисијата за хартии од вредност е должна најдоцна до 31 мај во тековната година да достави до Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија годишен

извештај за својата работа за претходната година, финансиски извештаи за претходната година ревидирани од овластен ревизор и финансиски план за наредната година.

1. Извештај за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2018 година

Во Извештајот за работата на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2018 година презентирани се активностите на Комисијата за хартии од вредност поврзани со нормативната дејност, лиценцирањето и контролата на учесниците на пазарот на хартии од вредност.

Во текот на 2018 година Комисијата одобрила девет емисии на акции во вредност од 2.426.859.501 денари, од кои осум биле реализирани како приватни понуди и една емисија на акции како јавна понуда.

Во рамки на супервизорската функција, во 2018 година Комисијата извршила вкупно 16 контроли над работењето на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност. Од спроведените контроли Комисијата во 2018 година утврдила определени неправилности во работењето кај брокерските куќи или друштва во однос на доследно почитување на законската регулатива.

Од аспект на примената на Законот за преземање на акционерски друштва, Комисијата извршила вкупно седум контроли при што поради стекнување на акции спротивно на одредбите од Законот за преземање на акционерски друштва, донела едно решение за ограничување на правото на глас и дивиденда.

Имајќи предвид дека Комисијата за хартии од вредност во 2018 година ги извршувала активностите во согласност со законските овластувања и преземала мерки за непречено функционирање на пазарот на хартии од вредност, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го усвои Извештајот за работа на Комисијата за хартии од вредност за 2018 година.

2. Извештај на независен ревизор и Финансиски извештаи на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија за 2018 година

Според Билансот на приходи и расходи, Комисијата во 2018 година остварила вкупни приходи во износ од 66,1 милиони денари, односно за 46,93% повеќе во однос на 2017 година кога вкупните приходи изнесувале 45 милиони денари. Зголемувањето на приходите е резултат на приходите од остварени провизии и надоместоци во вредност од 54,6 милиони денари и од приходите од продажба на деловен простор во износ од 10,5 милиони денари.

Во 2018 година вкупните расходи на Комисијата изнесувале 63,9 милиони денари и се за 45% поголеми во однос на 2017 година кога изнесувале 44 милиони денари. Зголемените расходи се резултат на вонредни расходи кои се дел од другите расходи и изнесуваат 25,1 милиони денари, што е за 200 пати поголем износ од вонредните расходи во 2017 година и истите сочинуваат 39% од вредноста на вкупните расходи. Останатите расходи (материјални расходи и услуги, други расходи, плати и други надоместоци за вработените) се на слично ниво како и во 2017 година.

Финансиската година Комисијата ја завршила со добивка во износ од 1,8 милиони денари.

Согласно мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи реално и објективно ја презентираат финансиската состојба на Комисијата.

Заради зголемените вонредни расходи во 2018 година, за кои не е дадено образложение од страна на Комисијата, Владата предлага при разгледување на Извештајот, Комисијата да ги образложи вонредните расходи.

3.Финансиски план за деловната 2019 година

Со предложениот Финансиски план на Комисијата за 2019 година, планирано е Комисијата да оствари приходи во износ од 57,1 милиони денари, односно за 13,57% помалку во однос на остварените приходи во 2018 година и расходи во износ од 57,1 милиони денари, односно за 10,6% помалку во однос на остварените расходи во 2018 година. Според проекциите, во 2019 година Комисијата нема да оствари добивка.

Од структурата на планираните расходи може да се констатира дека е планирано нивно зголемување во 2019 година во однос на 2018 година кај материјалните трошоци за 50%, нематеријалните трошоци за 307% и трошоците за вработени за 33%.

Појдовни основи за планирање на приходите на Комисијата за 2019 година се приходите за издадени одобренија за преземање, одобренија за издавање на хартии од вредност, очекуваните приходи од надзор, очекуваните приходи од продажба на недвижности, како и приходите од организирање на обуки/полагање на испити.

Владата на Република Северна Македонија нема забелешки и предлага Собранието на Република Северна Македонија да го усвои Финансискиот план за работа на Комисијата за хартии од вредност за 2019 година.

**Точка 63**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2018 година, со ревидирани финансиски извештаи за 2018 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 54 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018 и 245/2018), Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) подготвува годишен извештај за своето работење за претходната година и го доставува на усвојување од страна на Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до 30 јуни во тековната година.

Основна функција на МАПАС е заштита на интересите на осигурениците кои се членови во пензиските фондови во вториот и третиот пензиски столб. Во 2018 година, бројот на членови во задолжителните пензиски фондови изнесува 490.035 члена, додека во доброволните пензиски фондови 24.388 члена. Вкупната вредност на средствата на пензиските фондови изнесува над 1.07 милијарда евра. Според ова, бројот на членови во задолжителните пензиски фондови во однос на 2017 година е зголемен за 32.769 члена или за 7,1%, а во доброволните пензиски фондови за 588 члена или за 2,5%. Вкупната вредност на средствата на сите пензиски фондови (задолжителни и доброволни) во однос на 2017 година е зголемена за 124 милиони евра.

Согласно законските овластувања, МАПАС во остварувањето на својата основна функција ги врши следните задачи: издавање, повлекување и одземање дозволи за основање на пензиски друштва и одобренија за управување со пензиски фондови; супервизија на работењето на пензиските друштва, чуварот на средствата на пензиските фондови и странските менаџери на средства; теренска и вонтеренска контрола во овие субјекти; промовира, организира и поттикнува развој на капитално финансираното пензиско осигурување; ја развива свеста на јавноста за целите и принципите на работењето во капитално финансирано пензиско осигурување; донесува подзаконски акти; дава инцијативи за измени на законите од областа на пензиското и инвалидското осигурување, и тн.

По истекот на мандатот на членовите од претходниот состав на Советот на експерти, од 26.6.2018 година МАПАС има нов состав на Советот на експерти, со нов претседател и нови членови.

Во 2018 година, МАПАС изврши континуирана вонтеренска и теренска контрола на работењето на пензиските друштва, врз основа на доставени извештаи од пензиските друштва и другите институции во системот и согласно Годишниот план за теренска контрола за 2018 година. Контролата се однесува на активности поврзани со маркетинг (вкупно 343 предмети и предупредување до едното од пензиските друштва за ажурирање на веб - страницата);

контрола на зачленувањето во пензиските фондови, при што МАПАС изрече едно укажување за утврдена неправилност во евиденцијата за премин од еден во друг доброволен пензиски фонд; контрола во работењето на агентите, при што има издадено мерки за подобрување на нивната работа; контрола на сметководството и финансиските извештаи итн.

Генерално, МАПАС нема констатирано посериозни прекршувања на законските и деловните правила кај пензиските друштва и другите субјекти во системот, додека констатираните неправилности, по укажувањата на МАПАС се навремено отстранети.

Во однос на инвестирањето на средствата на пензиските фондови, МАПАС ги проверуваше трансакциите на хартиите од вредност од аспект на законските лимити и од аспект на тоа дали има сомнителни трансакции со хартиите од вредност. МАПАС констатира дека инвестирањето се врши согласно законските правила и дека нема сомнителни трансакции.

Во рамките на МАПАС функционира Комитет за оценка на ризици (КОР), кој врши анализа на ризиците во капитално финансирано пензиско осигурување, ги следи најновите случувања во капитално финансирано пензиско осигурување и финансиските пазари, утврдува нови и ги преиспитува постојните ризици, ги разгледува стратегиите за ублажување на ризиците и дава предлози за нивна измена или предлага измена на прописите во насока на ублажување на ризиците, врши обука на вработените на МАПАС за стекнување со знаења во однос на познавање ризиците и оценка на ризици.

МАПАС работеше на подготвување на бројни правилници и измени и дополнувања на правилници и други подзаконски акти, пред сè на донесување на правилниците со кои се овозможува примена на законските измени кои се однесуваат на промена на критериумот за членство во вториот столб и прилагодување на деловните процеси.

Понатаму, МАПАС има доставено писмени известувања до 25.015 членови кои се времено распределени во задолжителните пензиски фондови, обезбедил податоци за 92.601 членови кои се дадени на пензиските друштва, постапувал по 184 барања кои пред сè се однесуваат на промена на својството на осигурување и лица кои се погрешно распределени односно не се распределени во согласност со критериумот за членство, постапувал по вкупно 113 претставки, организирал две испитни сесии за агенти во кои полагале 134 агенти од кои 71 агент го положил испитот и ја ажурирал Програмата за полагање на испит за агенти согласно измените на законската регулатива, спроведувал активности за развивање на свеста за капиталното финансирано пензиско осигурување преку настапи на медиумите и кампањата на пензиските друштва „Фокусирај се на важното“, изготвил електронски информатор Е-МАПАС и преку традиционално организирање на настанот „Ден за пензиска свестност-15 септември“. Исто така, МАПАС во периодот април - јуни 2018 година спроведе истражување на јавното мислење преку Институтот за политички истражувања - Скопје (ИПИС).

МАПАС учествува во многу меѓународни и државни тела и работни групи поврзани со супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, финансиска едукација, управување со ризици, усвојување на правото на Европската Унија во националното законодавство, економски реформи во Република Северна Македонија и бројни други тела, организации и работни групи.

Агенцијата во извештајниот период работела согласно законските овластувања, поради што Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за работењето на Агенцијата супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2018 година.

Финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2018 година се изготвени согласно член 56 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, согласно кој Агенцијата најдоцна до 30 јуни во тековната година, до Собранието на Република Северна Македонија доставува финансиски извештаи за претходната година, ревидирани од надворешен овластен ревизор.

Согласно финансиските извештаи, Агенцијата за 2018 година остварила вкупни приходи во износ од 62.747.976 денари, од кои 61.881.884 се од надоместокот што го наплатува МАПАС од пензиските друштва (месечен надоместок од 0,8% од вкупните придонеси уплатени во претходниот месец во пензиските фондови) и расходи во износ од 44.616.919 денари. Приходите на МАПАС бележат раст во 2018 година за 12% во споредба со претходната година, што се должи на зголемувањето на бројот на членови во вториот и третиот столб и на зголемувањето на просечната бруто-плата во Република Северна Македонија. Вкупните расходи се зголемени за 4.192.807 денари или за 10,4% во однос на претходната година. Во истиот период, порастот на расходната страна на Агенцијата се должи на зголемувањето на расходите за потрошени материјали, расходите за други капитални средства (набавка на нови софтверски лиценци и надградба на постојниот софтвер за членство), како и на издатоците за реклама и репрезентација за потребите на одбележување на настанот „Ден за пензиска свесност“.

Според мислењето на овластениот независен ревизор, финансиските извештаи на Агенцијата за 2018 година објективно ја презентираат финансиската состојба на МАПАС заклучно со 31 декември 2018 година, неговата финансиска успешност за годината 2018 и истите се во согласност со прописите на Република Северна Македонија што го регулираат работењето на непрофитните организации.

Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2018 година.

## Точка 64

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.77/2019, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 19 ставови 6 и 7 од Законот за судската служба („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2014, 33/2015, 98/2015 и 6/2016), поднесена од Јованка Стојановска од Тетово и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата за оценување на уставноста, смета дека член 19 ставови 6 и 7 од Законот за судска служба се во спротивност на членовите 32, 35 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија. Исто така, во поднесената Иницијатива е наведено дека оспорениот член 19 ставови 6 и 7 не се во согласност со членовите 122 и 178 од Законот за работните односи.

Согласно член 32 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија, секој вработен има право на соодветна заработувачка, а согласно член 35 став 3, Републиката им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Согласно член 112 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд ќе укине или поништи закон ако утврди дека не е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Поаѓајќи од специфичниот статус и работните задачи кои ги извршуваат вработените во судската администрација, донесен е посебен закон за судските службеници, како lex specialis, со кој се уредени правата, обврските, должностите, одговорноста и системот на плати на судските службеници.

Согласно член 3 став (1) од Законот за судска служба, судските службеници правата од работен однос ги остваруваат согласно со Законот за судска служба и колективните договори.

Во членот 19 во ставот (1) од Законот за судска служба дефинирано е дека полното работно време на вработените во судот изнесува 40 часа неделно, а ставот (2) утврдува дека за неполно работно време се смета времето кое е пократко од полното работно време и истото може да изнесува најмалку 20 часа, а најмногу 30 часа неделно.

Во ставот (3) од член 19 утврдено е дека судскиот администратор, односно претседателот на судот каде што не е избран судски администратор, на барање на вработениот или по потреба на судот, може да донесе решение за неполно работно време заради :

- привремено намален обем на работа,
- грижа за прво дете, до негова двегодишна возраст,
- грижа за второ дете, до негова две и полгодишна возраст,

- грижа за трето дете, до негова тригодишна возраст и
- намалена работна способност, согласно со прописите за пензиско и инвалидско осигурување, прописите за здравствено осигурување или други прописи.

Во ставовите (4) и (5) од член 19 од Законот за судска служба е утврдено дека судскиот администратор, односно претседателот на судот каде што не е избран претседател, може да побара од вработениот да работи со неполно работно време, за што по претходна согласност на вработениот, во рок од 15 дена носи решение (став 4), а во случаите од ставот (3) алинеи 2, 3 и 4 судскиот службеник може да поднесе барање за работа со неполно работно време, ако работи со полно или обратно (став 5).

Согласно оспорените ставови (6) и (7) од член 19 од Законот за судска служба, судскиот администратор, односно претседателот на судот каде што не е избран судски администратор, на барање на судскиот службеник, а врз основа на решение од надлежен орган, во рок од 15 дена носи решение за неполно време (став 6), а платата, придонесите од плата, додатоците на плата, одморот и другите услови за судскиот службеник кој работи со неполно работно време, се определуваат во однос на бројот на работни часови неделно (став 7).

Во членот 3 од Законот за работните односи е утврдено дека истиот ги уредува работните односи и на работниците вработени во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа, установите, јавните претпријатија, заводите, фондовите, организациите и другите правни и физички лица, доколку со друг закон поинаку не е определено.

Имајќи ги предвид одредбите од член 19 ставови (6) и (7) од Законот за судска служба во кои се уредени правото на плата, придонеси од плата, додатоци на плата, одмор и други услови за судскиот службеник кој работи со неполно работно време и цитираните членови 32, 35 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија, на кои се повикува подносителот на Иницијативата и во однос на кои го оспорува член 19 ставови (6) и (7) од Законот за судска служба, се смета дека наводите во Иницијативата се неосновани.

Врз основа на горенаведеното, се смета дека оспорената одредба од член 19 ставови (6) и (7) од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016, 198/2018 и 248/2018) е во согласност со членовите 32, 35 и 112 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што се укажува дека Иницијативата за поведување постапка за оценување на неговата уставноста е неоснована и Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 19 ставови (6) и (7) од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016 и 198/2018).

## Точка 65

Владата го разгледа најновиот текст на Статутот на Европски универзитет, во кој се вградени сите претходни забелешки дадени од страна на Владата.

Со оглед на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по истиот и дава позитивно мислење.

## Точка 66

Владата го разгледа Статутот на Универзитет „Американ колеџ" Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Во текстот на Статутот на Универзитетот Американ Колец - Скопје,бр.21-659/4 од 29.5.2019 година вградени се забелешки од Владата на Република Северна Македонија. Но, од страна на Универзитетот Американ Колеџ - Скопје, не е постапено согласно амандман XXXIII од Уставот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/2019) и со оглед на тоа Владата на Република Северна Македонија не дава позитивно мислење на наведениот Статут, односно му се укажува на Универзитет Американ Колеџ - Скопје одредбите од предложениот Статут да ги усогласи со амандман XXXIII од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.6/2019).

## Точка 67

Владата го одложи разгледувањето на Статутот на Интернационален универзитет „Еурека" Скопје (стар назив: ЕФТА - Скопје), за наредната седница на Владата, откако претходно истиот ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Државниот просветен инспекторат и Министерството за образование и наука да ги согледаат состојбите во Универзитетот и за истото да ја информираат Владата на наредната седница.

## Точка 68

Владата го одложи разгледувањето на Статутот на Приватна високообразовна професионална установа за бизнис студии „Еуро колеџ" - Куманово, за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој поради потребата Министерството за образование и наука да достави мислење по Статутот.

## Точка 69

Владата го разгледа Извештајот за следењето на примената на начелото на соодветна и правична застапеност за 2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците во рок од еден месец до Владата да достави информација за имплементација на препораките од Народниот правобранител на Република Северна Македонија, со цел подобрување на состојбата каде што е потребно.

## Точка 70

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анита Адамческа од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.5028 за КО Илинден вон градежен на КП бр.189 викано место Карагач, Имотен лист бр.5029 за КО Илинден вон градежен на КП бр.1352 викано место Крувче, Имотен лист бр.5013 за КО Илинден вон градежен на КП бр.171 викано место Птицовидна станица, Имотен лист бр.10355 за КО Илинден вон градежен на КП бр.189 викано место Карагач и Имотен лист бр.10356 за КО Илинден вон градежен на КП бр.1352 викано место Крувче и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 71

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Дончева од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.66227 за КО Маџари на КП бр.197 викано место/улица Утрина и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 72

Владата ја разгледа Понудата од нотар Насер Зибери од Скопје за продажба на имот со Имотен лист бр.42940 и Имотен лист бр.42942 за КО Кисела Вода 2 на КП бр.4463 место викано Ѓ.Андреевиќ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 73

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мартин Божиновски од Куманово за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.76602 и Имотен лист бр.17245 за КО Куманово на КП бр.20294 и КП бр.26222 место викано/Улица Моша Пијаде 8777 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 74

1. Владата на Ѓоко Котевски разрешен од должноста директор на КПУ Затвор Скопје му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата, за време од 9 месеци, сметано од 11.6.2019 година до 11.3.2020 година.

2. Владата на Зоран Велковски, разрешен од должноста истражител на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата, за време од 9 месеци, сметано од 21.5.2019 година до 21.2.2020 година.

3. Владата го именува Борче Петковски, досегашен вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола, за заменик на директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата ја именува Елица Божиновска за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица.

5. Владата го именува Урим Алиу за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница-Охрид.

6. Владата го именува Билал Сулејмани за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница-Гостивар.

7. Владата го именува Ирфан Хоџа за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство „Чаир“ - Скопје.

8.Владата ја именува Валбона Османовска за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски“ - Битола.

9. Владата го именува Осман Муртезаи за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо “- Охрид.

10. Владата ја разреши Татјана Бошков од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП за стопанисување со пасишта- Скопје.

10.1. Владата ја именува д-р Даниела Ристиќ-Стомнароска за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП за стопанисување со пасишта- Скопје.

11. Владата заклучи да му предложи на Собранието на Тутунски комбинат АД Прилеп за неизвршен член на Одборот на директори да го избере Абдула Бајрамоски.

**Точка 75**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 10 јуни 2019 година до 16 јуни 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи

заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го разгледа Предлог-решението за формирање на Комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции и го донесе Решението со заклучок предлагачот да изврши усогласување на текстот на истото со Секретаријатот за законодавство.

**3.** Владата на предлог на д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, ги задолжи сите министерства, до наредната седница, да доставаат свои мислења по однос на новиот Предлог-закон за основно образование.

**Точка 76**

Владата го разгледа Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година во Агенцијата за катастар на недвижности, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и Ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавна здравствена установа „Градска општа болница 8-ми Септември"- Скопје, Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531) и Сметка за средства од фондот (737), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за здравство да ја задолжи Јавната здравствена установа „Градска општа болница 8-ми Септември"- Скопје, да подготви Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизијата на усогласеност за 2017 година во Јавна здравствена установа „Градска општа болница 8-ми Септември"- Скопје, во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 14 дена да го достави до Владата и Државниот завод за ревизија.

Исто така, Владата заклучи Министерството за здравство, Министерството за информатичко општество и администрација и Државниот завод за ревизија да остварат средба на која да се изнајде начин и утврди динамика за надминување на констатираните забелешки од извршената ревизија, како и да се дадат насоки за постапување на соодветните институции.

**Точка 78**

Владата ги разгледа Конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на

Министерството за одбрана, Сметка на основен буџет (637), Сметка на основен буџет (631), Сметка на буџет од самофинансирачки активности (787-20) и Сметка на буџет од донации (785), како материјал за информирање.

**Точка 79**

Владата ги разгледа Конечните извештаи за извршната ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија, Сметка за средства од Фондот (737), Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531) и Сметка за средства од донации (485), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за здравство да ја задолжи Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија - Скопје, да подготви Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи за извршната ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за кардиологија, Сметка за средства од Фондот (737), Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531) и Сметка за средства од донации (485), во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и Државниот завод за ревизија.

Исто така, Владата заклучи Министерството за здравство, Министерството за информатичко општество и администрација и Државниот завод за ревизија да остварат средба на која да се изнајде начин и утврди динамика за надминување на констатираните забелешки од извршената ревизија, како и да се дадат насоки за постапување на соодветните институции.

**Точка 80**

Владата ги разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар - Скопје, Сметка за редовно работење, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за здравство да ја задолжи Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар - Скопје да подготви Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавна

установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар - Скопје, Сметка за редовно работење, во функција на надминување на утврдените состојби и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и Државниот завод за ревизија.

Исто така, Владата заклучи Министерството за здравство, Министерството за информатичко општество и администрација и Државниот завод за ревизија да остварат средба на која да се изнајде начин и утврди динамика за надминување на констатираните забелешки од извршената ревизија, како и да се дадат насоки за постапување на соодветните институции.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на постапката во врска со предметот кој се однесува на рибникот ПЕКОМ (од Пехчево), со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата во однос на измени на трасата на Магистрален гасовод Делница 5 Скопје-Тетово-Гостивар, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата го разгледа новиот текст на Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата го разгледа Извештајот на независниот ревизор за извршена ревизија на работењето на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и финансиски извештаи за период од 1 јануари до 31 декември 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 86

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 87

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за соработка меѓу Секретаријатот за европски прашања и Универзитетот на Југоисточна Европа, со текст на Меморандум, како материјал за информирање.

## Точка 88

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот за постапка на доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за оформување на хибридна мултифункционална операциона сала со изведување на потребните градежни работи и набавка на потребната медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија, Скопје, како материјал за информирање.

## Точка 89

Владата го разгледа Предлог-законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста и го утврди со следниве заклучоци:

1. Во текстот на Предлог-законот, во член 8, во ставот 1, зборовите „договори доделени од Владата на Република Северна Македонија на влада на странска држава", да се заменат со зборовите „договори за набавка на Владата на Република Северна Македонија со влади на странски држави".

2. Во текстот на Предлог-законот, во делот VIII. Преодни и завршни одредби, соодветно да се уреди дека подзаконскиот акт предвиден во член 8 став (4) ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

3. Пречистениот текст на Предлог-законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Бардуљ Насуфи, директор на Бирото за јавни набавки.

## Точка 90

Владата го разгледа Предлог-законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 91

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за финансии на Република Северна Македонија, Државниот секретаријат за економски прашања на Швајцарија (SECO) и Меѓународната финансиска корпорација (IFC), со текст на Меморандум и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од потпишување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за финансии на Република Северна Македонија, Државниот секретаријат за економски прашања на Швајцарија (SECO) и Меѓународната финансиска корпорација (IFC).

2. Го прифати Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за финансии на Република Северна Македонија, Државниот секретаријат за економски прашања на Швајцарија и Меѓународната финансиска корпорација.

3. Се овластува д-р Драган Тевдовски, министер за финансии да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за финансии на Република Северна Македонија, Државниот секретаријат за економски прашања на Швајцарија и Меѓународната финансиска корпорација.

## Точка 92

Владата ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година, со заклучок текстот на Програмата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 93

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 94

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на директорите и давателите на услуги во јавните установи за социјална заштита основани од Владата на Република Северна Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

## Точка 95

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на „Изјава од краен корисник (End User Statement - Annex A Statement to SVN)" со која се обврзува персоналот од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија (во натамошниот текст - МО на РСМ) за заштита на доверливи информации содржани во доверлив документ на НАТО (JTAC Memorandum of Agreement) и ја усвои со следниот заклучок:

- Се определува м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише „Изјавата од краен корисник (End User Statement - Annex A Statement to SVN)" со која се обврзува персоналот од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија за заштита на доверливи информации содржани во доверливиот документ на НАТО - JTAC Memorandum of Agreement.

## Точка 96

Владата ја разгледа Информацијата за назначување на членови во Меѓународната група на експерти согласно член 1 став 3 (ж) од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани со резолуциите 817 (1993) и 845 (1995) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните од 17 јуни 2018 година, со Предлог-решение и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Решението за назначување на копретседавач и членови на македонската страна кои ќе бидат во состав на Меѓународната група на експерти согласно член 1 став 3 (ж) од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани со резолуциите 817 (1993) и 845 (1995) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, од 17 јуни 2018 година, со заклучок истото редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Министерството за финансии да одобри дополнителни средства во висина од 5.011.000 денари за Министерството за надворешни работи за оваа намена.

## Точка 97

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на средства на Општински ученички дом „Бранко Станоевиќ " - Гостивар, во предложениот текст.

## Точка 98

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „ Доне Божинов" - Пробиштип, во предложениот текст.

## Точка 99

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност во сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14.45 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Драги Рашковски**

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**